РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1870/6
20-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предмет број 12-1870/1 од 04.05.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за непостапување на Општина ----- по Решение за отстранување на бесправно изграден објект со број ИП1 ---- од 19.05.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи, во тек е постапка пред Вишиот управен суд на РСМ.

Предметот број 12-1870/1 од 04.05.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава од познат подносител со наводи за сомневање за непостапување на Општина ------ по Решение за отстранување на бесправно изграден објект, по што е оформен предмет број 12-1870/1 од 04.05.2026 година.

Во пријавата се наведува дека надлежните органи на Општина ------ не презимале дејствија за извршување на Решение за отстранување на бесправно изграден објект и покрај тоа што, според наводите на подносителот, биле исполнети законските услови за негово спроведување. Подносителот изразува сомневање дека со ваквото постапување, односно непостапување, се овозможува продолжување на

противправната состојба, поради што побара ДКСК да ги испита околностите во врска со предметниот случај.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметниот случај, ДКСК достави барање за прибирање на податоци и информации до Општина ---------.

Од увидот во доставената документација се утврди дека против Решението со број ИП1 ---- од 19.05.2023 година, донесено од надлежниот градежен инспектор била поведена управна постапка и управен спор пред надлежните судови. По донесена пресуда од страна на Управниот суд, против истата е поднесена жалба до Вишиот управен суд, по која се уште не е донесена правосилна одлука.

Од доставеното произлегува дека постапката по предметниот случај се уште е во тек пред Вишиот управен суд и дека не е завршена со правосилна судска одлука. Воедно, Општина ------ во своето произнесување известува дека по конечниот исход на судската постапка ќе постапи согласно законските надлежности и донесената судска одлука.

Имајќи го предвид сетогоренаведено, ДКСК оцени дека во конкретниот случај нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, за предметниот случај постапката пред Вишиот управен суд е во тек, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата